МАКЕДОНСКИ БРОД

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

Ул.„7-ми Септември“ бр.4 тел/факс:045 274 810 e-mail: mak_brod@yahoo.com
www.mbrod.gov.mk

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК



| | |
|---|---|
| **Службен гласник** | **18.11.2019 година** |
| **Општина Македонски Брод** | **Македонски Брод** |
| **Излегува по потреба** | **Број 12 – 2019 год.** |

НОЕМВРИ 2019

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 21 став 1 од Статутот на општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/2003...4/17 пречистен текст), Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 14.11.2019 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за усвојување на К1 квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод, К2 квартален извештај за доспеани ненамирени обврски и К3 квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општина Македонски Брод за III квартал за 2019 година**

**1.** Советот на Општина Македонски Брод, го усвои К1 квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод, К2 квартален извештај за доспеани ненамирени обврски и К3 квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општина Македонски Брод за трет квартал за 2019 година.

**2**. Овој Заклучок влегува во сила на денот на донесување, а ќе се објави во Службен гласник на општина Македонски Брод.

.

**Број 18 – 852/3**

**14.11.2019 година**

**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**

**П р е т с е д а т е л,**

**Бране Јованоски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03,1/06,1/11,11/14,1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**се објавува Заклучок за усвојување на К1 квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод, К2 квартален извештај за доспеани ненамирени обврски и К3 квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општина Македонски Брод за III квартал за 2019 година**

Се објавува Заклучок за усвојување на К1 квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод, К2 квартален извештај за доспеани ненамирени обврски и К3 квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општина Македонски Брод за III квартал за 2019 година, што Советот на Општина Македонски Брод го донесе на 29-та седница одржана на ден 14.11.2019 година.

Бр. 08 - 852/16
18.11.2019 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник
Живко Силјаноски с.р.

ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2019 ГОДИНА

Врз основа на член 36, став1, точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 21 став 4 од Статутот на Општина Македонски Брод, Советот на Општина Македонски Брод на 29-та седница одржана на 14.11.2019 година донесе

**ОДЛУКА**
**за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2019 година**

**Член 1**

Во билансот на приходите на буџетот на Општина Македонски Брод во колоната на основниот буџет се намалуваат следните приходни потставки:

-741115 –Дотации на општината ,од Приходи од ДДВ во износ од 913.662,00 денари.
-741211- Капитални трансфери од други нивоа на власт со износ од 5.417.537,00 денари
-733111- Приходи од продажба на неизградено градежно земјиште со износ од 4.584.225,00 денари
-733147- Надомест за концесии за користење на води за производство на електрична енергија со износ од 3.000.000,00 денари.

**Член 2**

Во билансот на приходите на буџетот на Општина Македонски Брод во колоната на буџет на донации се додава нова приходна потставка:
-742113 - Приходи од Светска банка со износ од 3.120.365,00 денари

**Член 3**

Во билансот на приходите на буџетот на Општина Македонски Брод во колоната на буџет на донации се намалува следната приходна потставка:
-743211 - Капитални донации со износ од 3.120.365,00 денари

**Член 4**

Во билансот на приходи на буџетот на Општина Македонски Брод во колоната на буџет на дотации се зголемува следната приходна потставка:
-741120 - Блок дотации на општината по одделни намени во износ од 2.044.300,00 денари.

**Член 5**

Во посебниот дел на буџетот во програмата ЈМ Паркови и зеленило во потпрограмата ЈМ0 Паркови и зеленило во колоната на буџет на донации се намалува следната расходна потставка:

482930 - Реконструкција на други градби со износ од 3.120.365,00 денари

**Член 6**

Во посебниот дел на буџетот се додава нова програма програмата ЈК-Јавна чистота и потпрограма ЈК0 - Јавна чистота во колоната на буџет на донации со следната расходна потставка:

486110 - Купување на моторни возила со износ од 3.120.365,00 денари

**Член 7**

Во посебниот дел на буџетот се додава нова програма програмата ЈК - Јавна чистота и потпрограма ЈК0 - Јавна чистота во колоната на основен буџет со следната расходна потставка:

486110 - Купување на моторни возила со износ од 250.000,00 денари

**Член 8**

Во посебниот дел на буџетот во програмата Е0 Општинска администрација во потпрограмата Е00 Општинска администрација во колоната на основниот буџет се зголемуваат следните расходни потставки:

421220 - Дрва со износ од 30.000,00 денари

423320 - Обувки со износ од 4.000,00 денари

423810 - Ситен инвентар со износ од 10.000,00 денари

423990 - Други материјали си изнис од 3.000,00 денари

425970 - Консултански услуги со износ од 60.000,00 денари

426210 - Расходи за репрезентација со износ од 20.000,00 денари

**Член 9**

Во посебниот дел на буџетот во програмата Е0 Општинска администрација во потпрограмата Е00 Општинска администрација во колоната на основниот буџет се намалуваат следните расходни потставки:

421310 - Пошта со износ од 30.000,00 денари
423310 - Униформи со износ од 4.000,00 денари.
464990 - Други трансфери со износ од 100.000,00 денари

**Член 10**

Во посебниот дел на буџетот во програмата Ф1 – Урбанистичко планирање во потпрограмата Ф10 - Урбанистичко планирање во колоната на основниот буџет се намалуваат следните расходни потставки:

-425640 – Изработка на просторни иурбанистички планови со износ од 1.000.000,00 денари

**Член 11**

Во посебниот дел на буџетот во програмата Г2 Поттикнување на развојот на туризмот во потпрограмата Г20 Поттикнување на развојот на туризмот во колоната на основниот буџет се намалува следната расходна потставка:

425920 - Услуги за копирање, печатење и издавање со износ од 7.000,00 денари

**Член 12**

Во посебниот дел на буџетот во програмата ГА Изградба на комерцијални објекти во потпрограмата ГА Изградба на комерцијални објекти во колоната на основниот буџет се намалува следната расходна потставка:

482920 - Изградба на други објекти со износ од 1.000.000,00 денари

**Член 13**

Во посебниот дел на буџетот во програмата ЈД Изградба на улици, патишта и автопати во потпрограмата ЈД0 Изградба на улици, патишта и автопати во колоната на основниот буџет се намалуваат следните расходни потставки:

482110 - Подготвување на проекти, вклучување на дизајн на улици, патишта и автопати со износ од 450.000,00 денари
482120 - Изградба на улици, патишта и автопати со износ од 1.000.000,00 денари.
482130 - Реконструкција на улици, патишта и автопати со износ од 1.000.000,00 денари
482220 - Изградба на мостови со износ од 1.000.000,00 денари.

**Член 14**

Во посебниот дел на буџетот во програмата ЈГ Изградба на системи за водоснабдување во потпрограмата ЈГ Изградба на системи за водоснабдување во колоната на основниот буџет се намалува следната расходна потставка :

482720 - Изградба на капацитети за водоснабдување со износ од 6.167.000,00 денари

**Член 15**

Во посебниот дел на буџетот во програмата ЈИ Изградба на системи за одведување и пречистувани на отпадни води во потпрограмата ЈИ0 Изградба на системи за одведување и пречистувани на отпадни води во колоната на основниот буџет се намалува следната расходна потставка:

482920 - Изградба на други објекти со износ од 1.421.424,00 денари

**Член 16**

Во посебниот дел на буџетот во програмата ЈМ Паркови и зеленило во потпрограмата ЈМ0 Паркови и зеленило во колоната на основниот буџет се намалуваат следните расходни потставки:

482930 - Реконструкција на други градби со износ од 1.000.000,00 денари
482940 - Надзор над изградбата со износ од 20.000,00 денари

**Член 17**

Во посебниот дел на буџетот во програмата В1-Детски градинки во потпрограмата В10 –Детски градинки во колоната на основниот буџет се зголемуваат следните расходни потставки:

401130 - Основни плати други вработени со износ од 3.000,00 денари
402110 - Основни придонеси за ПИО со износ од 4.000,00 денари.

**Член 18**

Во посебниот дел на буџетот во програмата Љ0 - Заштита и спасување во потпрограмата Љ00 - Заштита и спасување во колоната на основниот буџет се воведуваат следните расходни потставки:

424320 - Одржување на автопати, улици и патишта со износ од 90.000,00 денари.

425920 - Услуги за копирање, печатење и издавање со износ од 4.000,00 денари

**Член 19**

Во посебниот дел на буџетот во програмата Љ0 - Заштита и спасување во потпрограмата Љ00 - Заштита и спасување во колоната на основниот буџет се намалуваат следните расходни потставки:

424390 - Одржување на други градби со износ од 90.000,00 денари

464990 - Други трансфери со износ од 4.000,00 денари

**Член 20**

Во посебниот дел на буџетот во програмата К2 - Музичко и сценско-уметничка дејност во потпрограмата К20 - Музичко и сценско-уметничка дејност во колоната на буџет на дотации се зголемуваат следните расходни потставки:

401130 –Основни плати други вработени со износ од 175.772,00 денари
401310 - Персонален данок од доход од плата со износ од 22.891,00 денари
402110 - Основни придонеси за ПИО со износ од 56.720,00 денари

402210 - Основни придонеси за здравство со износ од 22.405,00 денари
402220 - Основни придонеси за професионално заболување со износ од 2.723,00 денари
402310 - Основни придонеси до Агенцијата за вработување со износ од 1.936,00 денари
425990 - Други договорни услуги со износ од 10.000,00 денари
426990 - Други оперативни расходи со износ од 20.000,00 денари
464990 - Други трансфери со износ од 40.000,00 денари

**Член 21**

Во посебниот дел на буџетот во програмата К2 - Музичко и сценско-уметничка дејност во потпрограмата К20 - Музичко и сценско-уметничка дејност во колоната на буџет на дотации се воведува нова расходна потставка:

421390 - Други трошоци за комуникација со износ од 9.017,00 денари

**Член 22**

Во посебниот дел на буџетот во програмата К3 - Музичка и кинотечна дејност во потпрограмата К30 - Музичка и кинотечна дејност во колоната на буџет на дотации се зголемува следната расходна потставка:

423810 - Ситен инвентар со износ од 12.836,00 денари

**Член 23**

Во посебниот дел на буџетот во програмата Н1 - Основно образование во потпрограмата Н10-Основно образование во колоната на буџет на дотации се намалуваат следните расходни потставки:

401310-Персонален данок од доход од плата во износ од 300.000,00 денари
425360-Плаќање по судски такси во износ од 10.000,00 денари
425760-Превозни услуги во образованието со износ од 40.000,00 денари
482910-Подготвување на проекти вклучувајќи дизајн на други објекти со износ од 6.000,00 денари
482920-Изградба на други објекти со износ од 40.000,00 денари

**Член 24**

Во посебниот дел на буџетот во програмата Н1-Основно образование во потпрограмата Н10-Основно образование во колоната на буџет на дотации се воведува зголемуваат следните расходни потставки:

402110-Основни придонеси за ПИО во износ од 53.000,00 денари
423610-Наставо-образовни помагала со износ од 100.000,00 денари
424210-Одржување на згради во износ од 193.000,00 денари
425490-Други здраствени услуги во износ од 50.000,00 денари

**Член 25**

Во посебниот дел на буџетот во програмата Н2-Средно образование во потпрограмата Н20-Средно образование во колоната на буџет на дотации се намалува следната расходна потставка:

401310-Персонале данок од доход со износ од 24.500,00 денари

**Член 26**

Во посебниот дел на буџетот во програмата Н2-Средно образование во потпрограмата Н20-Средно образование во колоната на буџет на дотации се зголемуваат следните расходни потставки:

401130-Основни плати –други вработени со износ од110.700,00 денари
402110-Основни придонеси за ПИО со изнопс од 89.600,00 денари
402210-Основни придонеси за здраство со износ од 28.200,00 денари
402220-Основен придонес за професионално заболување со износ од 1.100,00 денари
402310-Основни придонеси до Агенција за вработување со износ од 2.500,00 денари
421120 –Водовод и канализација со износ од 60.000,00 денари
421130-Ѓубретарина со износ од 76.900,00 денари
421240-Течни горива со износ од 1.000.000,00 денари
423410-Прехранбени продукти со износ од 158.000,00 денари
424110-Поправки и сервисирање на лесни возила со износ од 5.000,00 денари
424230-Дезинфекција,дезинсекција и дератизација со износ од 14.000,00 денари
424440-Поправка и одржување на друга опрема со износ од 21.200,00 денари.

**Член 27**

Во посебниот дел на буџетот во програмата Н2-Средно образование во потпрограмата Н20-Средно образование во колоната на буџет на дотации се воведуваат следните расходни потставки:

421220-Дрва со износ од 44.300,00 денари
421390-Други трошоци за комуникација со износ од 13.000,00 денари.

**Член 28**

Во посебниот дел на буџетот во програмата В1-Детски градинки во потпрограмата В10-Детски градинки во колоната на буџет на дотации се зголемуваат следните расходни потставки:

401130-Основни плати –други вработени со износ од 87.150,00 денари
401310-Персоналед данок на доход од плата со износ од 8.124,00 денари
402110-Основни придонеси за ПИО со изнопс од 24.200,00 денари
402210-Основни придонеси за здраство со износ од 9.762,00 денари
402220-Основен придонес за професионално заболување со износ од 703,00 денари
402310-Основни придонеси до Агенција за вработување со износ од 1.632,00 денари

**Член 29**

Во посебниот дел на буџетот во програмата В1-Детски градинки во потпрограмата В10-Детски градинки во колоната на буџет на дотации се намалува следната расходна потставка:

421240-Течни горива со износ од 61.571,00 денари

**Член 30**

**О**длуката влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Македонски Брод.

**Бр.18-852/4**
**14.11.2019 година**
**Македонски Брод**

**Совет на Општина Македонски Брод**
**Претседател**
**Бране Јованоски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03,1/06,1/11,11/14,1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2019 година**

Се објавува Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2019 година, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на 29-та седница одржана на ден 14.11.2019 година.

**Бр. 08 - 852/16**
**18.11.2019 година**

**Општина Македонски Брод**
**Градоначалник**
**Живко Силјаноски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 21 став 43 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03...4/17-пречистен текст), Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на 14.11.2019 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**за давање на приоритет на проектот „Изработка на комплетна проектна документација за доизградба и реконструкција на регулација на река Треска со уредување на кејот во централното градско подрачје во Македонски Брод“ со цел аплицирање по проектот „Градење општинските капацитет за имплементација на проекти - Фонд за техничка документација“**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Македонски Брод дава приоритет на проектот „**Изработка на комплетна проектна документација за доизградба и реконструкција на регулација на река Треска со уредување на кејот во централното градско подрачје во Македонски Брод**“ со кој Општина Македонски Брод, преку Одделението за локален економски развој да аплицира за добивање на финансиски средства за реализација на истиот по проектот „Градење на општинските капацитети за имплементација на проекти - Фонд за техничка документација“, кој е формиран од УНДП и Шведската агенција за меѓународен развој (СИДА) за имплементација на проектот „Градење на општинските капацитети за имплементација на проекти“.

.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе биде објавена во Службен гласник на Општина Македонски Брод.

**Бр: 18 – 852/5**
**14.11.2019 год.**

**Претседател на Совет**
**на Општина Македонски Брод,**
**Бране Јованоски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03,1/06,1/11,11/14,1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**за објавување на Одлука за давање на приоритет на проектот „Изработка на комплетна проектна документација за доизградба и реконструкција на регулација на река Треска со уредување на кејот во централното градско подрачје во Македонски Брод“ со цел аплицирање по проектот „Градење општинските капацитет за имплементација на проекти - Фонд за техничка документација“**

Се објавува Одлука за давање на приоритет на проектот „Изработка на комплетна проектна документација за доизградба и реконструкција на регулација на река Треска со уредување на кејот во централното градско подрачје во Македонски Брод“ со цел аплицирање по проектот „Градење општинските капацитет за имплементација на проекти - Фонд за техничка документација“, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на 29-та седница одржана на ден 14.11.2019 година.

**Бр. 08 - 852/16**
**18.11.2019 година**

**Општина Македонски Брод**
**Градоначалник**
**Живко Силјаноски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 и 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и врз основа на член 46 став 1 од Статутот на општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.4/17 - пречистен текст), Советот на општина Македонски Брод, на седницата одржана на ден 14.11.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за престанок на важење на Одлуката за задолжување на ЈКП Комунална хигиена за превземање мерки за кучиња скитници**

Член 1

Со оваа Одлука престанува да важи Одлуката за задолжување на ЈКП Комунална хигиена за превземање мерки за кучиња скитници бр.18-400/10 од 28.04.2016 година, со која ЈКП Комунална хигиена е задолжена во рамките на своите задолженија, план и програми за работа да организираат односно превземаат мерки согласно законот за кучиња скитници, односно целокупната надлежност преминува на ЈКП Комунална хигиена - Македонски Брод.

Член 2

Со оваа Одлука извршувањето на обврските предвидени со Законот за заштита и благосостојба на животните, во делот на примена на мерки на заштита и третман на бездомни кучиња преминува на општина Македонски Брод.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Македонски Брод".

**Бр.18-852/6**
**14.11.2019 год.**
**Мак.Брод**

**Совет на Општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Бране Јованоски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03,1/06,1/11,11/14,1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**за објавување на Одлука за престанок на важење на Одлуката за задолжување на ЈКП Комунална хигиена за превземање мерки за кучиња скитници**

Се објавува Одлука **за престанок на важење на Одлуката за задолжување на ЈКП Комунална хигиена за превземање мерки за кучиња скитници**, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на 29-та седница одржана на ден 14.11.2019 година.

**Бр. 08 - 852/16**
**18.11.2019 година**

**Општина Македонски Брод**
**Градоначалник,**
**Живко Силјаноски с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.05/02), а согласно со член 183 став 3 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на РМ" бр. 104/19 и 146/19) и член 21 точка 28 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод" број 02/03, 1/06, 1/11, 11/14,1/15 и 4/17-пречистен текст), Советот на Општина Македонски Брод, на седницата одржана на ден 14.11.2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за предлагање на претставник на Општина Македонски Брод во Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Македонски Брод**

Член 1

За претставник на Општина Македонски Брод во Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Македонски Брод, се предлага:

- Томислав Стојкоски, дипл.правник, вработен во Општина Македонски Брод.

Член 2

Решението да се достави до именованиот, ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Македонски Брод, Министерство за труд и социјална политика и архивата на Општина Македонски Брод.

Член 3

Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод".

Број 18-852/7
14.11.2019 година
Мак.Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Бране Јованоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03,1/06,1/11,11/14,1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**за објавување на Решение за предлагање на претставник на Општина Македонски Брод во Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар**

**за социјална работа Македонски Брод**

Се објавува Решение за предлагање на претставник на Општина Македонски Брод во Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Македонски Брод, што Советот на Општина Македонски Брод го донесе на 29-та седница одржана на ден 14.11.2019 година.

**Бр. 08 - 852/16**
**18.11.2019 година**

**Општина Македонски Брод**
**Градоначалник,**
**Живко Силјаноски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.05/02), а согласно со член 3 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на РМ” бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 22/18 и 101/2019), член 21 точка 32 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ број 02/03, 1/06, 1/11, 11/14,1/15 и 4/17-пречистен текст), Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 14.11.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за пренесување на правото на трајно користење на контејнери за одлагање на комунален отпад**

Член 1

Со оваа Одлука Општина Македонски Брод на ЈКП „Комунална хигиена”-Македонски Брод му го пренесува правото на трајно користење на 20 (дваесет) контејнери за одлагање на комунален отпат со капацитет од 1.1м³.

Член 2

За реализацијана оваа Одлука, се задолжува ЈКП „Комунална хигиена”-Македонски Брод, да ги внесе во евиденција средствата наведени во член 1 од оваа одлука.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод”.

Број 18-852/8
14.11.2019 година
Мак.Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Бране Јованоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03,1/06,1/11,11/14,1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**за објавување на Одлука за пренесување на правото на трајно користење на контејнери за одлагање на комунален отпад**

Се објавува Одлука за пренесување на правото на трајно користење на контејнери за одлагање на комунален отпад, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на 29-та седница одржана на ден 14.11.2019 година.

**Бр. 08 - 852/16**
**18.11.2019 година**

**Општина Македонски Брод**
**Градоначалник,**
**Живко Силјаноски с.р.**

Врз основа на член 20-б став 1 алинеја 3 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ“ бр.27/14...143/19), а во врска член 28 став 2 точка 6 од Законот за култура („Службен весник на РМ“ бр.31/98....11/18), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/2002), член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод” бр.02/03,1/06,1/11,11/14,1/15 и 4/17 - пречистен текст), Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 14.11.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Измена и дополна на Годишен план за вработување во ОУ Дом на култура „Македонски Брод“ - Македонски Брод за 2019 година**

Член 1

СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Измена и дополна на Годишен план за вработување во ОУ Дом на култура „Македонски Брод“ Македонски Брод за 2019 година, со арх.бр.04-184/5 од 31.10.2019 година, донесен од Директорот ОУ Дом на култура ,,Македонски Брод“ - Македонски Брод.

Член 2

Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод”.

Број 18-852/9
14.11.2019 година
Мак.Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Бране Јованоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03,1/06,1/11,11/14,1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**за објавување на Одлука за давање согласност на Измена и дополна на Годишен план за вработување во ОУ Дом на култура „Македонски Брод“ - Македонски Брод за 2019 година**

Се објавува Одлука за давање согласност на Измена и дополна на годишен план за вработување во ОУ Дом на култура „Македонски Брод“ - Македонски Брод за 2019 година, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на 29-та седница одржана на ден 14.11.2019 година.

**Бр. 08 - 852/16**
**18.11.2019 година**

**Општина Македонски Брод**
**Градоначалник,**
**Живко Силјаноски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 21 од Статутот на општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03), а согласно Одлуката за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод за 2018 година („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.14/17), по поднесено барање од Дом на култура „Македонски Брод“ - Македонски Брод бр.18- 880/1 од 14.11.2019 година, Советот на општина Македонски Брод на седницата одржна на ден 14.11.2019 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод како финансиска подршка за одржување на манифестацијата „Костенијада 2019 година“**

1.Советот на Општина Македонски Брод донесе одлука за одобрување на финансиска подршка за одржување на манифестација „Костенијада 2019 година“ во износ од 10.000 денари.

2.Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на општина Македонски Брод за 2019 година од програма К4 – културни манифестации и творештва подставка 423410 – прехрамбени продукти и пијалаци и 425 990 – други договорни услуги, врз основа на доставена фактура и склучени договори за ангажираните лица

3. По извршената исплата да се достави извештај за реализираните доделни средства до Советот на општина Македонски Брод.

4.Ова Решенеие влегува во сила наредниот ден од денот на објавување на Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр.18- 852/10**

**14.11.2018 година**

**Совет на општина Македонски Брод**

**П р е т с е д а т е л,**

**Бране Јованоски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03,1/06,1/11,11/14,1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**за објавување на Решение за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод како финансиска подршка за одржување на манифестацијата „Костенијада 2019 година“**

Се објавува Решение за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод како финансиска подршка за одржување на манифестацијата „Костенијада 2019 година“, што Советот на Општина Македонски Брод го донесе на 29-та седница одржана на ден 14.11.2019 година.

**Бр. 08 - 852/16**
**18.11.2019 година**

**Општина Македонски Брод**
**Градоначалник,**
**Живко Силјаноски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 21 од Статутот на општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03...4/17 пречистен текст), а согласно член 30 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод за 2019 година („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.14/18) и Правилникот за утврдување на критериуми за доделување на парична помош за утврдени категории на лица бр.18-372/8 донесен од страна на Совет на Општина Македонски Брод од 30.03.2018 година, по доставено барање од Трајкоска Савка бр.18-846/1 од 04.11.2019 година, Советот на општина Македонски Брод на 29 седницата одржна на ден 14.11.2019 година донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод**
**како еднократен надоместок по барања**
**од физички лица – Трајкоска Савка**

1.Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржна на ден 14.11.2019 година донесе решение за одобрување на еднократен надоместок и тоа како следи на:

- Трајкоска Савка и се одобрува еднократен надоместок во износ од 6.000,00 денари како помош за лекување

2.Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на општина Македонски Брод за 2019 година, програма АО Совет на Општина Македонски Брод, ставка 464, подставка 464 990 други трансфери.

3.Се задолжува Одделението за финансиски прашања при Општина Македонски Брод да го изврши наведеното Решение согласно расположливите средства.

4.Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр.18- 852/11**
**14.11.2019 година**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Бране Јованоски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03,1/06,1/11,11/14,1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**за објавување на Решение за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања од физички лица – Трајкоска Савка**

Се објавува Решение за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања од физички лица – Трајкоска Савка, што Советот на Општина Македонски Брод го донесе на 29-та седница одржана на ден 14.11.2019 година.

**Бр. 08 - 852/16**
**18.11.2019 година**

**Општина Македонски Брод**
**Градоначалник,**
**Живко Силјаноски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06,1/11,11/14,1/15 и 4/17 - пречистен текст,) по барање на жителите од МЗ с.Звечан 18-843/1 од 04.11.2019 година, Советот на општина Македонски Брод на 29-та седница одржана на ден 14.11.2019 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

**за одобрување на средства за набавка на полиетилен црево за санација на водоводна мрежа во с.Звечан**

**Член 1**

Се одобрува набавка на полиетилен водоводно црево за санација на селска водоводна мрежа во с.Звечан мало Грубановци кое е оштетено од пожар во должина од 150 м.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави во „Службен гласник на општина Македонски Брод”.

**Бр.18 –852/12**
**14.11.2019 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Бране Јованоски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03,1/06,1/11,11/14,1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**за објавување на Одлука за одобрување на средства за набавка на полиетилен црево за санација на водоводна мрежа во с.Звечан**

Се објавува Одлука за одобрување на средства за набавка на полиетилен црево за санација на водоводна мрежа во с.Звечан, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на 29-та седница одржана на ден 14.11.2019 година.

**Бр. 08 - 852/16**
**18.11.2019 година**

**Општина Македонски Брод**
**Градоначалник,**
**Живко Силјаноски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 21 став 1 од Статутот на општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14 ,1/15 и 4/17-пречистен текст) по доставено барање бр.18-772/1 од 04.10.2019 година од ООУ „Климент Охридски“ ПУ Самоков, Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 14.11.2019 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за усвојување на Записник од извршен увид на лице место**
**со бр.18-772/3 од 14.11.2019 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Записникот од извршен увид на лице место со бр.18-772/3 од 14.11.2019 година, изготвен од одделението за урбанизам, по однос на барањето од ООУ „Климент Охридски“ ПУ Самоков, за изнаоѓање на решение за руинираниот објект (зграда) во близина на училиштето.

2. Составен дел на овој Заклучок е записникот кој задолжително треба да се достави до барателот заради понатамошно постапување.

3. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Македонски Брод”.

**Број 18 - 852/13**
**14.11.2019 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Бране Јованоски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03,1/06,1/11,11/14,1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**за објавување на Заклучок за усвојување на Записник од извршен увид на лице место со бр.18-772/3 од 14.11.2019 година**

Се објавува Заклучок за усвојување на Записник од извршен увид на лице место со бр.18-772/3 од 14.11.2019 година, што Советот на Општина Македонски Брод го донесе на 29-та седница одржана на ден 14.11.2019 година.

**Бр. 08 - 852/16**
**18.11.2019 година**

**Општина Македонски Брод**
**Градоначалник,**
**Живко Силјаноски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 21 т.31 од Статутот на општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/3….4/17-пречистен текст), по доставено барање бр.18-778/1 од 07.10.2019 година од Група граѓани од ул.„К.Ј.Питу” - Македонски Брод, Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 14.11.2019 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**по доставено барање од Група граѓани од ул.„К.Ј.Питу” - Македонски Брод**

1. Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 14.11.2019 година донесе Заклучок за задолжување на ЈП Водовод и канализација за:
- промена на водоводната мрежа на крак на ул.„К.Ј.Питу”, бидејќи истиот е пола цол и не ги задоволува потребите на сите домаќинства;
- чистење и санација на прифатна шахта и решетка на ул.„К.Ј.Питу”.

2. За санација на оштетените шахти Советот одобрува да се искористат профили од стариот пазар, а бидејќи на таа улица поминуваат шумски товарни возила, работната рака да падне на товар на ЈП национални шуми ПЕ М.Брод.

3. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Македонски Брод”.

**Број 18- 852/14**
**14.11.2019 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Бране Јованоски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03,1/06,1/11,11/14,1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**за објавување на Заклучок по доставено барање од Група граѓани од ул.„К.Ј.Питу” - Македонски Брод**

Се објавува Заклучок по доставено барање од Група граѓани од ул.„К.Ј.Питу” - Македонски Брод, што Советот на Општина Македонски Брод го донесе на 29-та седница одржана на ден 14.11.2019 година.

**Бр. 08 - 852/16**
**18.11.2019 година**

**Општина Македонски Брод**
**Градоначалник,**
**Живко Силјаноски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.05/02), а согласно со член 3 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на РМ” бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 22/18 и 101/2019), член 21 точка 32 од Статутот на општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод” бр. 02/03, 1/06, 1/11, 11/14,1/15 и 4/17 - пречистен текст), Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 14.11.2019 година, донесе

## О Д Л У К А
## за давање на времено користење на деловни простории на месна заедница с.Црешнево

Член 1

Со оваа Одлука, општина Македонски Брод на месната заедница с.Црешнево му го пренесува правото на времено користење на една просторија во стара училишна зграда, опишани во Имотен лист бр.496, на КП бр.535 во КО Црешнево, објект 1, намена В1-1 основно образование, с.Црешнево, кат ПР стан 1, сопственост на општина Македонски Брод.

Член 2

Наведениот простор се дава на користење за време од 5 години и без надоместок за извршување на дејноста на месната заедница Црешнево.

Тековните инвестиции, одржувањето, како и плаќањето на сите давачки (струја, вода и др.) паѓаат на терет на корисникот.

Член 3

Советот на општината го овластува Градоначалникот на Општина Македонски Брод да склучи договор за издавање на користење на наведениот простор со корисникот, каде подетално ќе бидат договорени правата и обврските на странките во договорот.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод”.

Број 18-852/15
14.11.2019 година
Мак.Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Бране Јованоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03,1/06,1/11,11/14,1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**за објавување на Одлука за давање на времено користење на деловни простории на месна заедница с.Црешенево**

Се објавува Одлука за давање на времено користење на деловни простории на месна заедница с.Црешенево, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на 29-та седница одржана на ден 14.11.2019 година.

**Бр. 08 - 852/16**
**18.11.2019 година**

**Општина Македонски Брод**
**Градоначалник,**
**Живко Силјаноски с.р.**

**Службен гласник број 12 од 18.11.2019 година на Совет на општина Македонски Брод**

## С О Д Р Ж И Н А

Заклучок за усвојување на К1 квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод, К2 квартален извештај за доспеани ненамирени обврски и К3 квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на Општина Македонски Брод за III квартал за 2019 година ........................................................................ стр. 2

Заклучок за објавување на Заклучок за усвојување на К1 квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод, К2 квартален извештај за доспеани ненамирени обврски и К3 квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на Општина Македонски Брод за III квартал за 2019 година ................... стр. 3

Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2019 година ......................................................................................................................... стр. 4

Заклучок за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2019 година ........................................................................ стр. 12

Одлука за давање на приоритет на проектот „Изработка на комплетна проектна документација за доизградба и реконструкција на регулација на река Треска со уредување на кејот во централното градско подрачје во Македонски Брод“ со цел аплицирање по проектот „Градење општински капацитет за имплементација на проекти - Фонд за техничка документација“ ............................................................................................. стр. 13

Заклучок за објавување на Одлука за давање на приоритет на проектот „Изработка на комплетна проектна документација за доизградба и реконструкција на регулација на река Треска со уредување на кејот во централното градско подрачје во Македонски Брод“ со цел аплицирање по проектот „Градење општински капацитет за имплементација на проекти - Фонд за техничка документација“ ................................................................. стр. 14

Одлука за престанок на важење на Одлуката за задолжување на ЈКП Комунална хигиена за превземање мерки за кучиња скитници ....................................................... стр. 15

Заклучок за објавување на Одлука за престанок на важење на Одлуката за задолжување на ЈКП Комунална хигиена за превземање мерки за кучиња скитници . стр. 16

Решение за предлагање на претставник на Општина Македонски Брод во Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Македонски Брод ........................................................................................................................................ стр. 17

Заклучок за објавување на Решение за предлагање на претставник на Општина Македонски Брод во Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Македонски Брод ........................................................................................................ стр. 18

Одлука за пренесување на правото на трајно користење на контејнери за одлагање на комунален отпад .............................................................................................................. стр. 19

Заклучок за објавување на Одлука за пренесување на правото на трајно користење на контејнери за одлагање на комунален отпад ........................................................... стр. 20

Одлука за давање на согласност на Измена и дополна на Годишен план за вработување во ОУ Дом на култура „Македонски Брод“ - Македонски Брод за 2019 година ........................................................................................................................................ стр. 21

Заклучок за објавување на Одлука за давање на согласност на Измена и дополна на Годишен план за вработување во ОУ Дом на култура „Македонски Брод“ - Македонски Брод за 2019 година ........................................................................................ стр. 22

Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како финансиска подршка за одржување на манифестација „Костенијада 2019 година“ .... стр. 23

Заклучок за објавување на Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како финансиска подршка за одржување на манифестација „Костенијада 2019 година“ ........................................................................................ стр. 24

Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања од физички лица - Трајкоска Савка ........................ стр. 25

Заклучок за објавување на Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања од физички лица - Трајкоска Савка ........................................................................................................ стр. 26

Одлука за одобрување на средства за набавка на полиетилен црево за санација на водоводна мрежа во с.Звечан ........................................................................................ стр. 27

Заклучок за објавување на Одлука за одобрување на средства за набавка на полиетилен црево за санација на водоводна мрежа во с.Звечан .................................. стр. 28

Заклучок за усвојување на Записник од извршен увид на лице место со бр.18-772/3 од 14.11.2019 година ........................................................................................................ стр. 29

Заклучок за објавување на Заклучок за усвојување на Записник од извршен увид на лице место со бр.18-772/3 од 14.11.2019 година ........................................................... стр. 30

Заклучок по доставено барање од Група граѓани од ул.„К.Ј.Питу“ - Македонски Брод ........................................................................................................................ стр. 31

Заклучок за објавување на Заклучок по доставено барање од Група граѓани од ул.„К.Ј.Питу“ - Македонски Брод ........................................................................ стр. 32

Одлука за давање на времено користење на деловни простории на месна заедница с.Црешнево ................................................................................................................ стр. 33

Заклучок за објавување на Одлука за давање на времено користење на деловни простории на месна заедница с.Црешнево ................................................................... стр. 34